# СЛУЖЕ... ...ИК
## НА СО... ...ИКА МАКЕДОНИЈА


3682 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

„Службен весник на СРМ" изле... ва по потреба. Рок за рекламаци... 15 дена. Огласи според тарифата.

Број 12 — ..., ... април 1986, Скопје — Год. XLII

Претплатата за 1986 година изнесува 3.800 динари. Овој број чини 50 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**158.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 12 и 9 од Законот за помилување, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 24 март 1986 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Од натамошно извршување на изречената казна затвор се ослободуваат осудените лица:

1. Недев Тодо Дончо од Кавадарци,
2. Димов Наќо Драги од Кавадарци,
3. Стојановски Лазар Златко од Скопје,
4. Мишовски Никола Стојан од Берово,
5. Муслиев Мусли Назми од Скопје
6. Мустафоски Баријa Расим од с. Лабуништа,
7. Ванчов Герасим Лазар од Титов Велес,
8. Дамјановски Душко Киро од Скопје,
9. Лазов Страшо Љубе од с. Дебришта,
10. Џемаил Садуш Даути од с. Шум,
11. Стрезоска Кочо Вера од Прилеп,
12. Дуковски Јосиф Бранислав од Кичево.

II

Извршувањето на изречената казна затвор им се услови за 1 година на осудените лица:

1. Каранфилов Лазар Малин од Кочани, во траење од 2 месеци,
2. Дураки Дурак Адем од с. Палиград, во траење од 3 месеци,
3. Ускоски Демир Осман од с. Октиси, во траење од 3 месеци,
4. Елмази Елмаз Сами од с. Ваксинце, во траење од 3 месеци,
5. Меидиноски Ариф Абдурахман од с. Црнилиште, во траење од 4 месеци,
6. Поповски Душко Бранко од Скопје, во траење од 5 месеци.

III

Извршувањето на изречената казна затвор му се услови за 2 години на осуденото лице:

1. Камбери Рамадан Мефаил од Скопје, во траење од 5 месеци.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор и се услови за 3 години на осудената:

1. Србиновска Леонид Елена од Битола, во траење од 1 година.

V

Делумно се ослободуваат од натамошно извршување на изречената казна затвор осудените лица:

1. Кондовски Диме Методија од с. Мажучиште, во траење од 6 месеци,
2. Ивчевски Тодор Драгослав од Скопје, во траење од 1 година.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-179
24 март 1986 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

**159.**

Врз основа на член 40 став 3 од Законот за дополнителна заштита на воените инвалиди („Службен весник на СРМ" бр. 41/85), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

### НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК, НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ И МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА ЗА 1986 ГОДИНА

1. Основиците за определување на инвалидски додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација од 1 јануари 1986 година се зголемуваат за 64,7% и изнесуваат:

— за корисниците кои немаат приходи во домаќинството — 15.646 динари
— за корисниците кои имаат приходи во домаќинството — 13.176 динари

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 1103-1103
14 март 1986 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална политика,
**Каменчо Ѓоргов,** с. р.

**160.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народноослободителната војна („Службен весник на СРМ", бр. 41/84), претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика донесува

### НАРЕДБА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ИСКЛУЧИТЕЛНОТО МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ ЗА 1986 ГОДИНА

1. Основицата за определување на постојаното материјално обезбедување, исклучителното материјално обезбедување и надоместокот за помош и нега од друго лице од 1 јануари 1986 година се зголемува за 64,7% и изнесува 15.646 динари.

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 1103-1103
14 март 1986 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за здравство и социјална политика
**Каменчо Ѓоргов,** с. р.

**161.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 10 став 1, член 15, член 16 и член 20 став 2 од Правилникот за станбени прашања на работниците на Правниот факултет во Скопје, донесен со референдум на 25 октомври 1984 година.

2. СЕ ЗАПИРА постапката за оценување уставноста и законитоста на член 20 став 1 од означениот Правилник.

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и на Правниот факултет на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка и по сопствена иницијатива, со решение У. бр. 260/85, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членовите од Правилникот означени во точката 1 и 2 на оваа одлука. Постапката е поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорените одредби од Правилникот со уставното начело на заемност и солидарност и уставното начело на еднаквост.

5. На седницата Судот утврди дека во оспорениот член 10 став 1 од Правилникот е предвидено, работник кој отстапува општествен стан кој не одговара на потребите на членовите на семејното домаќинство на располагање на Факултетот, согласно критериумите утврдени во Правилникот да се смета како лице без стан.

Според член 214 став 1 од Уставот на СР Македонија, загарантирано му е на граѓанинот да стекнува станарско право на стан во општествена сопственост со кое му се обезбедува, под еднакви услови определени со закон, трајно да користи стан во општествена сопственост, заради задоволување на личните и семејните потреби. Согласно алинеја 9 на став 3 на оддел II од Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената основа на положбата на човекот, покрај другото, ја сочинуваат и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со Уставот и законот.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 10 став 1 од Правилникот се изедначени лицата што отстапуваат стан со лицата кои немаат стан, Судот утврди дека со тоа се повредува Уставното начело на еднаквоста и заемноста и солидарноста.

6. Исто така, по сопствена иницијативна, Судот утврди дека во член 14 според основот постојни услови на становање се добиваат следниот број бодови и тоа работник кој: нема стан — 20 бода; има стан вон категорија — 18 бода; има едноробен стан — 16 бода; живее кај своите родители или родителите на брачниот другар — 14 бода; има двособен стан — 9 бода; има трисобен стан 5 бода; и има четирисобен стан — 1 бод. Во член 15, според основот остварени резултати во работата, се предвидени најмногу 40 бода за остварен највисок личен доход и најмалку 16 бода за остварен најнизок личен доход на работник на Факултетот. Во член 16, пак, за секоја година работен стаж, според овој основ, се добива по 1 бод.

Според член 42 од Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73 и 14/75) и член 463 од Законот за здружениот труд, работниците во основната организација на здружениот труд со референдум ги утврдуваат начинот, условите и редот на првенство по кое ќе добиваат станови на користење. Според тоа, самоуправно е право на работниците во организациите на здружениот труд, во согласност со Уставот и законот, да определат такви основи и мерила за утврдување редот на првенство за доделување на станови, со кои пред се ќе се оствари уставното начело за заемност и солидарност во задоволувањето на потребите на работниците односно во користењето на средствата за заедничка потрошувачка, во кои спаѓаат и средствата за изградба на станови во општествена сопственост.

Според член 129 став 3 од Законот за здружениот труд, придонесот на работникот во работата се утврдува зависно од квалитетот и квантитетот на работата, земајќи ги предвид особено обемот и сложеноста на работата, користењето на работното време, квалитетот на остварените резултати од трудот, успешноста во користењето на работното време, одговорноста во работата и условите под кои работи работникот.

Според мислењето на Судот работниот придонес може да биде предвиден како основ за утврдување редот на првенство за доделување стан на користење преку основите и мерилата за распределба на личните доходи утврдени во Правилникот за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, но тој не треба да има доминантно влијание во однос на основите кои ја изразуваат социјално-економската положба на работниците.

Со оглед на тоа што во член 15 и 16 од Правилникот бројот на утврдените бодови за работниот придонес и работниот стаж условуваат тие основи да имаат доминантно влијание во однос на социјално-економскиот основ, кој треба да има примарно влијание во распределбата на станови, Судот утврди дека тие не се во согласност со уставното начело за заемност и солидарност.

7. Во член 20 став 2 од Правилникот е предвидено дека како работник на Факултетот пред пензионирање се смета лицето на кое му недостасува најмалку 1 година работен стаж до остварувањето на правото на лична пензија, под услов во последните 10 години да е во работен однос на неопределено време во Факултетот.

Во врска со став 2 на член 20, Судот утврди дека е во спротивност со член 2 алинеја 3 од Законот за здружениот труд затоа што условувајќи го добивањето стан на лицата пред пензионирањето со најмалку 10 години работен стаж на Факултетот, овој стаж стекнат во и вон Факултетот различно се вреднува.

8. Во член 20 точка 1 од Правилникот е предвидено, работник на Факултетот кој е пред пензионирање, а се уште не го решил станбеното прашање, да има предност пред другите работници на Факултетот и за тоа се предвидени 20 бода.

Во врска со овој Правилник, Судот при поведување на постапка за оценување на неговата уставност и законитост појде од фактот дека со предвидувањето на дополнителни 20 бода, лицата пред пензионирање се ставени во привилегирана положба во однос на другите работници, спротивно од начелото за распределба според трудот. Меѓутоа, во текот на постапката Судот утврди дека приоритет за доделување стан на работниците пред пензија не е утврден само врз основа на околноста што работникот е пред пензија, туку и врз основа на дополнителен квалитативен услов дека лицето кое е пред крај на работниот век се уште не го решило станбеното прашање како и имајќи предвид уште една околност според која можноста за остварувањето на правото на стан е поограничено кога лицето не е работник во здружениот труд.

Имајќи ги предвид овие околности и начелото за заемност и солидарност кое според член 126 став 2 од Законот за здружениот труд првенствено се применува во користењето на средствата за заедничка потрошувачка, Судот оцени дека предвидувањето на ваков основ за приоритет е насочено кон решавање на станбените прашања на означените работници и како нивна социјална потреба што не е во несогласност со означеното начело и не е во спротивност со член 126 став 2 од Законот за здружениот труд.

Со оглед на тоа, согласно член 14 став 1 алинеја 4 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки Судот реши да ја запре постапката за оценување уставноста и законитоста на член 20 став 1 од Правилникот.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 на оваа одлука.

У. бр. 260/85
12 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**162.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ:

а) член 42 од Правилникот за стекнување и распределба на доходот, чистиот доход и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на Работната организација Керамичка индустрија „КИК" во Куманово, донесен со референдум на 21 јануари 1985 година;

б) прегледот на бодовите на работите и работните задачи, во прилог на Правилникот, донесен од Работничкиот совет на означената Работна организација; и

в) Одлуката за измени на означениот Правилник во делот на методологијата за аналитичка процена на работите и работните задачи, донесена од Работничкиот совет на означената Работна организација на 18 март 1985 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација „КИК" во Куманово, на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 143/85 од 8 јануари 1986 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 на оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека означениот Правилник содржи разработен систем на основи и мерила за утврдување вредноста на работите и работните задачи, врз основа на кои е утврдена методологијата на аналитичка процена на работите и работните задачи.

Во член 42 од Правилникот, меѓутоа, е предвидено аналитичка процена на сите работи и работни задачи да врши комисија избрана од работничкиот совет, по чиј предлог Работничкиот совет го утврдува бројот на бодовите за нив. Според став 2, Работничкиот совет ги определува бодовите и за нови работи и работни задачи. Понатаму, Судот утврди дека Работничкиот совет, во согласност со означената одредба, донел Преглед на бодови (бодовна листа) на сите работи и работни задачи во Работната организација.

Според член 463 од Законот за здружениот труд, работниците со референдум одлучуваат за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што конкретното определување бодови за вреднување на работите и работните задачи претставува непосредно утврдување на основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, а според означениот член 42 за тоа одлучува Работничкиот совет кој го донел и означениот Преглед на бодови, а не работниците со референдум, Судот утврди дека тие се во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд.

5. Судот утврди дека со Одлуката означена во точка 1 под в) на оваа Одлука е извршена измена на дел од методологијата за аналитичка процена на работите и работните задачи на Правилникот.

Со оглед на тоа што оспорената Одлука ја донел Работничкиот совет, а не работниците со референдум, Судот утврди дека таа е во спротивност со член 463 од Законот за здружениот труд, од причините изнесени во претходната точка на оваа одлука.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 143/85
12 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**163.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за основите и мерилата за стекнување на доходот и распределба на средствата за лични доходи и средствата за заедничка потрошувачка на работниците во Централното основно училиште „Браќа Миладиновци" во село Долни Дисан во Неготино, донесен од Советот на Училиштето на 27 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означеното Училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 80/85 од 8 јануари 1986 година, поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точката 1 на оваа Одлука. Постапката е поведена затоа што се постави прашањето за спротивноста на оспорениот Правилник со член 463 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека оспорениот Правилник е донесен од Советот на Училиштето на седницата од 12 декември 1977 година.

5. Согласно член 463 став 1 од Законот за здружениот труд, работниците во основната организација со референдум одлучуваат, покрај другото, и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и за заедничка потрошувачка.

Со оглед на тоа што оспорениот Правилник не е донесен со референдум кој е една од формите на лично изјаснување на работниците во која тие најпотполно ја изразуваат својата волја при одлучувањето, туку е донесен од Советот на Училиштето, Судот утврди дека тој е во спротивност со член 463 став 1 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 80/85
12 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Владимир Митков,** с. р.

**164.**

Републичката изборна комисија на Социјалистичка Република Македонија, врз основа на член 54 од Законот за избор и отповикување на делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, по потврдувањето на листата на кандидати за делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за изборите што ќе се одржат на 14 април 1986 година,

## ОБЈАВУВА
## ЛИСТА НА КАНДИДАТИ ЗА ДЕЛЕГАТИ ВО СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Треневска Мирка — родена 1947 година, македонка, работничка, член на делегацијата на ООЗТ Предилница при текстилен комбинат „Битолатекс“ — Битола, предложена од 6 делегации,
2. Арсениевска Тодорка — родена 1947 година, македонка, КВ чевлар, член на делегацијата во ООЗТ фабрика за производство на чевли „Чик“ — Куманово, предложена од 6 делегации,
3. Илиевски Кирил — роден 1940 година, македонец, агроном инженер, член на делегацијата на ООЗТ Прехранбена индустрија, предложен од 8 делегации,
4. Којкова Ефимија — родена 1954 година, македонка, член на делегацијата на ООЗТ „Зора“ — „Винојуг“ — Гевгелија, дипломиран правник, предложена од 7 делегации,
5. Коцев Милан — роден 1950 година, македонец, техничар, член на делегација во РОЦ „Саса“ — Македонска Каменица, предложен од една делегација,
6. Крстевски Саве — роден 1937 година, македонец, завршил висока школа за политички науки, член на ОК СКМ — Кичево, предложен од РК на ССРНМ,
7. Митров Благој — роден 1949 година, македонец, технолог инженер, член на делегацијата на фабриката за санитарна керамика „Македонија“ — Струмица, предложен од 1 делегација,
8. Наумовски Наум — роден 1938 година, македонец, офицер во ЈНА, лекар — специјалист по општа медицина во Воена пошта 5573, член на делегацијата во Скопска армиска област, предложен од 3 делегации,
9. Пивков Љупчо — роден 1946 година, македонец, металуршки инженер, член на делегацијата на ООЗТ ладна валалница на РО Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје, работи како раководител на смена, предложен од 21 делегација,
10. Поповски Климентие — роден 1936 година, македонец, дипломиран градежен инженер, член на делегацијата на заеднички служби во „Бетон“, предложен од 5 делегации,
11. Серафимовски Трајче — роден 1947 година, македонец, дипломиран машински инженер, член на делегацијата на РО РХПОС на СОЗТ Металски завод „Тито“ — Скопје, предложен од 14 делегации,
12. Тодоровски Богдан — роден 1946 година, македонец, завршил Земјоделски факултет, член на Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија и претседател на Сојузниот одбор на работниците од шумарството и дрвната индустрија, предложен од РК ССРНМ,
13. Шибаковски Климент — роден 1942 година, македонец, ВКВ работник, член на делегација на работната организација „Минел — Емо“ — Охрид, делегиран од 1 делегација,
14. Шулевски Злате — роден 1949 година, македонец, дипломиран економист, член на делегацијата на РЗ Заеднички служби при ТРО „Славија“ предложен од 10 делегации,
15. Бариева Ајсел — родена 1958 година, турчинка, наставник во ОУ „Мите Богоевски“ во Ресен, член на ОК на СК — Ресен, предложена од Републичката конференција на ССРНМ,
16. Ѓорѓиевски Душко — роден 1947 година, македонец, инженер, член на делегацијата на ООЗТ „Електро-металургија“ на ХЕ „Југохром“ — Јегуновце, предложен од 4 делегации,
17. Иванов Иван — роден 1932 година, македонец, машински инженер, вработен во „Руен“ — Кочани, член на делегацијата од индустријата „Руен“ — Кочани, предложен од делегацијата на индустријата „Руен“ — Кочани,
18. Јовановски Никола — роден 1934 година, македонец, ВКВ електричар, член на делегацијата на ООЗТ одржување „Тетекс“ — Тетово, предложен од 6 делегации,
19. Саздов Владимир — роден 1940 година, македонец, електротехничар, вработен во ООЗТ влеча, член на делегацијата во ООЗТ влеча, предложен од 4 делегации,
20. Ѓуриќ Богосав — роден 1939 година, србин, член на делегацијата на РО Топилница за цинк и олово „Злетово“ — Титов Велес, предложен од 5 делегации,
21. Села Скендер — роден 1940 година, албанец, професор по географија во СОУ „Братство — Единство“ — Дебар, член на делегацијата на СОУ „Братство — Единство“ — Дебар, предложен од 1 делегација,
22. Глигоријевиќ Такева Милка — родена 1935 година, македонка, завршила Висока школа за политички науки, член на СК ССРНЈ, предложена од Републичката конференција на ССРНМ,
23. Младеновски Станко — роден 1937 година, македонец, завршил Архитектонски факултет, претседател на Собранието на СРМ, член на ЦК СКМ, предложен од РК ССРНМ,
24. Јовановски Јовица — роден 1933 година, македонец, лекар, член на делегацијата на ООЗТ Нефрологија, предложен од 21 делегација,
25. Адеми Бурхан — роден 1930 година, албанец, завршил Висока школа за политички науки, член на делегацијата на Републичката конференција на ССРНМ и член на Комисија за кадровска политика на СКМ, предложен од Републичката конференција на ССРНМ,
26. Зврцинов Методи — роден 1929 година, македонец, завршил Виша стопанска школа, претседател на Комисијата за избори на РК ССРНМ, член на РК ССРНМ, предложен од РК ССРНМ,
27. Зулфикари Азем — роден 1926 година, албанец, завршил Висока школа за политички науки, член на Претседателството на ЦК СКМ, член на ЦК СКМ, предложен од РК на ССРНМ,
28. Бендевски Петар — роден 1936 година, македонец, завршил Градежен факултет — магистер, член на Градскиот комитет на СКМ — Скопје, предложен од Републичката конференција на ССРНМ,
29. Рамадани Хисен — роден 1933 година, албанец, завршил Висока школа за политички науки, член на ЦК СКМ, предложен од РК ССРНМ,
30. Василевски Живко — роден 1928 година, македонец, секретар на Републичката конференција на ССРНМ и член на Секретаријатот на секцијата за културата на Сојузната конференција на социјалистичкиот сојуз, предложен од Републичката конференција на ССРНМ.

Листата на кандидатите на делегатите на Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија е утврдена на Кандидационата конференција на ССРН на Македонија, на седницата одржана на 31 март 1986 година.

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Бр. 20-14
31 март 1986 година
Скопје

Секретар,
**Георгина Мицковска,** с. р.

Претседател,
**Димитар Солев,** с. р.

Членови:
1. **Киро Никовски,** с. р.
2. **Софе Димитриевски,** с. р.
3. **Елена Поповска,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

**162.**

Врз основа на член 21 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ" бр. 15/80, 18/82) и член 18 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта, на седницата од 30. I. 1986 година во согласност со одлуката на Собранието на СР Македонија од 25 март 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО СР МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за утврдувањето на регионалните патишта во СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 48/82) во точка 2, бр. 106 по зборот „Прилеп" запирката се брише и се додаваат зборовите: „Битола — Макази".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 14-2/22-4
30 јануари 1986 година
Скопје

Претседател,
**Михајло Арсов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО — БИТОЛА

**163.**

Врз основа на член 20 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр 5/74) и член 6 од Статутот, ОСИЗ на културата и информирањето — Битола, на седницата одржана на 27 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ НА КУЛТУРАТА И ИНФОРМИРАЊЕТО

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапки на придонесите од доходот и личните доходи на организациите на здружен труд и другите организации и заедници по чии основ се обезбедуваат средствата на ОСИЗ на културата и информирањето — Битола и за Републичката заедница на културата — Скопје.

Член 2

Согласно член 1 од оваа одлука се утврдуваат следните стапки:

— придонес од доходот на организациите на здружен труд во стопанството, по стапка од 1,30%;

— придонес од личен доход на вработените во организациите на здружен труд од нестопанските дејности, по стапка од 1,40%, со исклучок на организациите на здружен труд од основното и насоченото средно образование и социјалната заштита за кои се утврдува стапка на придонес од 0,70%, организациите од вишото и високото образование и општествената заштита на децата за кои се утврдува стапка од 0,980%, а организациите од областа на културата и информирањето се ослободуваат од плаќање придонеси за културата освен на придонесот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,32%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 2,2%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 2,2%.

Член 3

Обврзници на придонесот за култура од доходот се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со одлука за номенклатура на дејностите од стопанска и нестопанска дејност („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77).

Член 4

Пресметувањето и уплатата на средствата ќе ги врши Службата на општественото книговодство — филијала Битола, на начин и според обрасците утврдени со Упатството за начинот на пресметувањето и плаќањето на данокот од доход на организациите на здружен труд.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важноста на Одлуката бр. 02-198/5 од 25. IX. 1984 година („Службен весник на СРМ" бр. 4/85).

Бр. 02-300/6
27 декември 1985 година
Битола

Претседател,
**Никола Христовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — БИТОЛА

**164.**

Врз основа на член 34 од Законот за физичката култура и за самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 1 од Законот за изменување на Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 43/78) и член 86 точка 4 од Статутот, Општинската самоуправна интересна заедница за физичка култура — Битола, на седницата одржана на 27 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот и личниот доход на организациите на здружен труд и другите организации и заедници, по чиј основ се обезбедуваат средства на ОСИЗ за физичка култура — Битола и за здружување средства во Републичката заедница за физичка култура.

Член 2

Согласно член 1 од оваа одлука се утврдуваат следните стапки:

— придонес од доходот на основните организации на здружен труд во стопанството, по стапка од 1,52%;

— придонес од личен доход на вработените во ОЗТ од нестопанските дејности, по стапка од 0,12%, со исклучок на ОЗТ од основното и насоченото средно образование и социјалната заштита за кои се утврдува стапка на придонес од 0,06%, а за организациите од вишото и високото образование, општествена заштита на децата, организациите што вршат дејности и заштита на културните блага, од областа на сценско-музичката дејност се утврдува стапка на придонес од 0,084%, освен за придонесот за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,07%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,5%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,5%.

Член 3

Дел од средствата што се формираат по основите од член 2 од оваа одлука, ОСИЗ за физичка култура здружува средства со Републичката СИЗ за физичка култура во износ што се утврдува со договор помеѓу ОСИЗ и Републичката СИЗ за физичка култура.

Член 4

Обврзници на придонесот за физичка култура од доходот се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанска и вонстопанска дејност („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77).

Основица за пресметување на придонесот на основните организации на здружен труд претставува остварениот доход.

Член 5

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство — филијала Битола на начин и според обрасците утврдени со упатствата за начинот на пресметувањето и плаќањето на данокот од доход од ОЗТ.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1986 година.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важноста на Одлуката бр. 02-30/3 од 29. III. 1984 година („Службен весник на СРМ" бр. 4/85).

Бр. 02-231/9
27 декември 1985 година
Битола

Претседател,
**Гордана Стаматова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

**165.**

Врз основа на член 160 точка 15 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија, на седницата одржана на 30 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот, условите за стекнување и начинот на остварувањето на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигуреникот или осигурено лице на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија.

Член 2

Надоместокот на погребни трошоци се утврдува во износ:

1. во случај на смрт на осигурено лице до една година возраст, 8.300 динари;

2. во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 години возраст, 13,200 динари;

3. во случај на смрт на осигурено лице над 7 години возраст, 23.600 динари.

Член 3

Во случај осигуреното лице да умре во странство, за време на привремен престој во странство, надоместокот од претходниот член се зголемува за 50%.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на осигуреното лице, односно осигуреникот врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврда за извршен закоп и здравствената легитимација на умрениот осигуреник (умреното лице).

Во случај осигуреното лице да умре во странство, покрај доказите од претходниот став, се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на нашата земја во странство дека закопот е извршен во странство.

Член 5

На членовите на семејството на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во висина од 17.000 динари.

Член 6

Барањето за исплата на надоместокот на погребни трошоци и посмртна помош стасува на денот на смртта на осигуреникот, односно осигуреното лице.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0502-130/1
30 јануари 1986 година
Гевгелија

Претседател,
**Томе Георгиев,** с. р.

**166.**

Врз основа на член 160 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија, на седницата одржана на 30 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ И ДНЕВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место, која им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случај кога користат здравствена заштита на начин пропишан со општите акти на Заедницата.

**Надоместок на превозни трошоци**

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица за случаи предвидени со општите акти на Заедницата во висина на тарифата на јавниот сообраќај.

Надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигурените лица кога поради итноста на случајот или здравствената состојба, по налог на лекарот или здравствената организација, превозот е извршен и со други превозни средства.

Кога превозот во случај на претходниот став, е извршен без претходен налог на лекарот или здравствената организација, оправданоста на превозот или превозните средства дополнително ја цени лекарска комисија на Заедницата.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се определува по правило според најкусата релација и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основна тарифа на јавниот сообраќај се подразбира:

— во случај на патување со железница на релација до 150 км. во еден правец — II класа од патничкиот воз, а на подолга релација од 150 км. во еден правец — II класа од брзиот воз;

— во речниот и поморскиот сообраќај припаѓа право на превоз II класа на пловните возила;

— кога превозот се врши со автобус припаѓа право на полна цена на чинењето на превозот.

Кога на истата релација постои железнички, бродски или автобуски сообраќај, осигуреното лице има право на надоместок на превозните трошоци по најниската тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на став 2 од членот 2 на оваа одлука, надоместокот на трошоците за превоз припаѓа во полн износ.

Член 4

Ако осигуреното лице, врз основа на посебен пропис, има право на бесплатно возење при користењето на превозните средства на јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок на трошоци за превоз.

Одредбите од претходниот став не се однесуваат на случаи кога осигуреното лице има право на повластено возење само за определен број патувања во текот на годината.

Член 5

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита спротивно на одредбите на општите акти за начинот на користењето на здравствената заштита не му припаѓа надоместок на трошоците.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради специјалистички преглед важи, по правило, само за едно патување. Доколку лекарот — специјалист на кого осигуреното лице му е упатено на прв специјалистички преглед најде дека е потребно испитување и лекување и кај друг специјалист, првобитниот упат важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице во смисла на претходниот став е упатено односно преземено на амбулантно специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето, односно испитувањето.

**Висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето и престој во друго место**

Член 7

Надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигуреното лице му припаѓа како што следува:

— ако се упатува во место на територијата на СРМ — 600 динари;

— ако се упатува во место надвор од територијата на СРМ — 700 динари и

— ако се упатува во другите републички и покраински центри — 900 динари.

Член 8

Покрај надоместокот од претходниот член на осигурените лица им припаѓа и надоместок на трошоци за ноќевање во фактички износ, врз основа на посебна приложена сметка, но не повеќе од 1.000,00 динари.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0502-129/1
30 јануари 1986 година
Гевгелија

Претседател,
**Томе Георгиев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ДЕБАР

**167.**

Врз основа на член 162 точка 6 и член 259 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 24 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1986 година се определува во висина од 8,00% од личниот доход и другите примања во кои се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 5,00%,

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права на здравствената заштита од 3,00%.

Член 2

Тарифата на придонесот за здравствена заштита во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се определува во висина од 0,30%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход претставува остварениот доход.

Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните приходи и други лични примања.

Придонес за несреќа на работа и професионални заболувања по стапка од 0,30% пресметуваат и плаќаат обврзниците кои не формираат доход за вработување по договор за дело на бруто основица.

Член 3

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за деташирани работници се определува во висина од 25% од нето личниот доход, односно основица одредена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распределува по видови на правата сразмерно на стапките, односно тарифата на придонесот според членот 1 на оваа одлука.

Член 4

Обврзникот за уплата на придонесот должен е при уплата на придонесите на самиот налог уплатница да даде спецификација за уплатените придонеси со ознака за основицата и периодот за кои се пресметува и уплатува придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила од 1 јануари 1986 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-74
24 јануари 1986 година
Дебар

Претседател,
**Јанка Арбелска,** с. р.

**168.**

Врз основа на член 162 точка 6 и член 261 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 24 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесите за финансирање на здравствената заштита на земјоделците за 1986 година за подрачјето на општината Дебар.

Член 2

Земјоделските осигуреници го плаќаат придонесот за здравствена заштита и тоа:

а) за задолжителните видови на здравствена заштита:

— 3,00% од катастарскиот приход и 70 динари паушал за секој член на домаќинството;

б) за правата на здравствена заштита над задолжителните видови што самостојно ги утврдува заедницата;

— 2,00% од катастарскиот приход и 30 динари паушал за секој член на домаќинството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-75
24 јануари 1986 година
Дебар

Претседател,
**Јанка Арбелска,** с. р.

**169.**

Врз основа на член 103 став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), член 162 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 26 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ И ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ НИВ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита и за утврдување на правата од здравствената заштита на самостојните занаетчии и вработените при истите, според квалификациите кои ги поседуваат во следните износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници и куќни помошнички | 18.000. — динари; |
| — за квалификувани работници | 21.000. — динари; |
| — за висококвалификувани работници | 25.000. — динари. |

Член 2

За лицата кои со свој труд и со средства во сопственост вршат приватна професионална дејност, а се регистрирани при општинскиот орган на Собранието на општината, на кои даночната основица или приходите им се под гарантираниот личен доход во Републиката или поради изумирање на одредени занимања се делумно или наполно ослободени од даноци и придонеси од страна на СИЗ, како основица за овие осигуреници ќе се зема минималниот личен доход во републикава во односната година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на СИЗ за здравствена заштита — Дебар, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-76
24 јануари 1986 година
Дебар

Претседател,
**Јанка Арбелска,** с. р.

**170.**

Врз основа на член 100—105 и член 108—110 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 162 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, на седницата одржана на 24 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАН МЕСЕЧЕН ИЗНОС ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Придонес за здравствена заштита во постојани месечни износи во 1986 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време, во износ од 400 динари;

2. учениците во средни училишта за одделни занимања за кои покрај училишната настава се изведува и практична обука во организации на здружен труд, училиштето или на друго место во износ од 250 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа го прекинале работниот однос ако за тоа време примаат стипендија во износ од 750 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ќе ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија во износ од 750 динари;

5. лица кои учествуваат на младински работни акции, а кои по прописите на пензиското осигурување се осигурени за сите случаи за инвалидност во износ од 250 динари;

6. лицата кои учествуваат на организирани работни акции ако на тие работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 250 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување) во износ од 250 динари;

8. лицата припадници на територијалната одбрана и цивилна заштита за време на извршување на задачите на територијалната одбрана и цивилната заштита, во износ од 250 динари;

9. уживатели на постојана државна помош дадена од страна на бившиот президиум на народните собранија или од страна на извршниот совет во износ од 400 динари;

10. членовите на потесното семејство на југословенски работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на општинската заедница на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странски носител на здравствена заштита во износ од 750 динари;

11. брачниот другар на корисникот на здравствена заштита според членот 30 од Законот за здравствената заштита, во износ од 750 динари;

12. членовите на семејството на корисникот кој се наоѓа на издржување казна затвор, ако на корисникот не му престане работниот однос во организацијата за време на издржувањето на казната, во износ од 750 динари;

13. југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странство од странски носител на осигурување (земји со кои Југославија нема заклучено конвенции), додека престојуваат на територијата на општинската заедница во износ од 1.500 динари.

Член 2

Во постојан месечен износ се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа при работа и професионални заболувања во износ од 70 динари и тоа за:

1. учениците во средните училишта и студентите на вишите и високите школи, за време траењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност како и лицата што учествуваат на организирани работни акции;

3. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

4. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и цивилната заштита;

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или на преквалификација, а се упатени од СИЗ за вработување;

6. лицата кои работат помалку од половина од полното работно време и

7. лицата припадници на доброволните противпожарни единици за противпожарна заштита.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 на оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад, со исклучок на придонесите од членот 1 точка 10 и 13 месечно однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за покусо време од 1 месец, за секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на оваа заедница бр. 08-443 од 30 март 1982 година објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 17/82.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-83
24 јануари 1986 година
Дебар

Претседател,
**Јанка Арбелска,** с. р.

---

**171.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 199 став 1 точка 2 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар ,Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита на 24 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ЦЕНАТА НА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ПРИ НАБАВКА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА, ПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА И ЛЕКОВИ

Член 1

Се врши измена и дополнување на Одлуката за учество на корисниците на здравствена заштита во цената на одделни видови на здравствени услуги при набавка на ортопедски помагала, протетички средства и лекови, објавена под бр. 08-2566 од 19 декември 1983 година во „Службен весник на СРМ“ бр. 2/84 и тоа:

Во член 3 став 1 алинеја 1 се менува износот од 20 динари на 50 динари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Дебар, а ќе се применува од 1 февруари 1986 година.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува важноста на алинеја прва од ставот први на член 3 од Одлуката бр. 2566 од 19 декември 1983 година, на оваа Општинска СИЗ за здравствена заштита — Дебар.

Бр. 08-77
24 јануари 1986 година
Дебар

Претседател,
**Јанка Арбелска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ — ДЕМИР ХИСАР

**172.**

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за образование и воспитание („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 24 од Статутот на ОСИЗ за образование и воспитание — Демир Хисар, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 23 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕС ЗА ОСИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ — ДЕМИР ХИСАР, ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите за ОСИЗ за образование Демир Хисар, за 1986 година.

Член 2

1. Придонес од личен доход од работен однос од стопанството по стапка од 5,50%;

2. Придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 2%;

3. Придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност по стапка од 5%.

Член 3

По исклучок од членот 2, став 1 од оваа одлука, организациите на здружен труд од предучилишното, основното и средното насочено образование и Работната заедница при ОСИЗ за образование — Демир Хисар, придонесот од личен доход од работен однос ќе го пресметуваат и уплатуваат по стапка од 2,75%.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Член 5

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 174/12 од 7 декември 1984 година.

Бр. 08-230/1
23 декември 1985 година
Демир Хисар

Претседател,
**Димче Радевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ — КИЧЕВО

**173.**

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 23 точка 3 од Статутот на ОСИЗ за воспитание и образование — Кичево, како и Резолуцијата за општествено-економскиот развој и за економската политика на СРМ во 1986 година, Собранието на ОСИЗ за воспитание и образование — Кичево, на седницата одржана на 23 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПЛАЌАЊЕ НА 50% И 70% ОД ОПШТАТА СТАПКА НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ШТО ЌЕ ЈА ПЛАЌААТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ОСИЗ ЗА ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ — КИЧЕВО ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

1. Со намалена стапка од 50% од придонес и даноци од личен доход што изнесува 3,00% ќе плаќаат организациите од основното и средното насочено образование, Работничкиот универзитет, делот за основно образование на возрасните и од областа на социјалната заштита.

2. Со намалена стапка од 70% од придонеси и даноци од личен доход што изнесува 4,20% ќе плаќаат организациите од општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-598/1
24 декември 1985 година
Кичево

Претседател,
**Велко Коруноски,** с. р.

**174.**

Врз основа на член 13 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 23 точка 3 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за воспитание и образование — Кичево, Собранието на ОСИЗ, на седницата одржана на 23 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНАТА КИЧЕВО ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

За извршување на задачите на ОСИЗ за воспитание и образование — Кичево, работните луѓе издвојуваат придонес од сите лични доходи по стапки утврдени со оваа одлука

Член 2

Се утврдуваат следните стапки на придонеси од личните доходи на работните луѓе што се плаќаат на ОСИЗ за воспитание и образование — Кичево и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос. по стапка од 6%;
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка 1,75%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, по стапка 6%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-588/1
23 декември 1985 година
Кичево

Претседател,
**Велко Коруноски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КОЧАНИ

**175.**

Врз основа на член 101 став 1 и 103 став 1 и 2 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 43/85) и член 170 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани („Службен гласник на општината Кочани“ бр. 1/85), Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кочани, на седницата на соборите на делегатите корисници на услуги — работници и на делегатите даватели на услуги одржана на ден 20 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ВО 1986 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување се определува во висина од 8% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 4,30%;

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита што самостојно го утврдува Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување 3,70%.

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и професионално заболување се определува и тоа:

— по 0,30% за организациите на здружениот труд распоредени во номенклатурата за стопанските области од 1—11 од основицата што ја образува вкупниот доход намален за износот на законските и договорните обврски;

— по 0,50% сите други организации, интересни заедници и самостојни занаетчии и лица вработени кај приватни работодавци што не формираат доход. Основицата за пресметување ја сочинува бруто исплатениот личен доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство, се определува по стапка од 20% од нето исплатениот личен доход, односно од основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес од претходниот став се распоредува по видови на здравствена заштита сразмерно на стапката односно тарифата на придонесот определен со членот 1 на оваа одлука.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на Заедницата за вработување за паричниот надоместок на привремено невработените лица и на уживателите на пензии се определува на 13,20% од нето примањата;

За лицата пријавени во Заедницата за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја образуваат просечниот

износ на паричен надоместок на привремено невработените лица за време за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако за времето за кое се плаќа придонесот за здравственото осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став бидејќи не се исплатува надоместок на привремено невработените лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравствено осигурување.

Член 4

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа по стапка од 2% од исплатениот нето надоместок.

Член 5

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Законот и актите на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кочани.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0203-741 од 26 декември 1985 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 март 1986 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0203-156
20 февруари 1986 година
Кочани

Собрание на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кочани
Претседател,
**Чедо Иванов**, с. р.

Собор на делегатите корисници на услуги — работници
Претседател,
**Марика Тапанарова**, с. р.

Собор на делегатите на давателите на услуги
Претседател,
**Милка Ефтимова**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВОСПИТАНИЕ, ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ — КУМАНОВО

**176.**

Врз основа на член 196 од Законот за предучилишното и основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83) и член 22 точка 3 од Статутот на ОСИЗ на воспитанието и образованието и научните дејности — Куманово, по предлог на Извршниот одбор, Собранието на ОСИЗ на воспитанието и образованието и научните дејности — Куманово, на седницата одржана на ден 24 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА ОСНОВНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ДРУГИТЕ КОРИСНИЦИ НА СРЕДСТВА ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите за финансирање на дејноста на основното воспитание и образование и другите корисници на средства за 1986 година се определуваат и тоа како следува:

1. придонес од личен доход од работен однос по стапка од 5,5%;
2. придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,40%;
3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност по стапка од 6%.

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр. 08-27/XIX-1
24 јануари 1986 година
Куманово

Претседател,
**Јордан Павловски**, с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**177.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА РАДОВИШ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружениот труд и од личниот доход од работен однос за 1985 година преку кои се обезбедуваат средства на ОСИЗ за социјална заштита.

Член 2

Во 1986 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита и тоа:

— придонес од доходот на основните организации на здружениот труд, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,32%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Организациите на здружен труд од основното и средното насочено образование ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 2 алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,16%.

Организациите од општествена заштита на децата ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка по член 2 алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,22%.

Член 4

Обврзниците на придонесот на социјална заштита од доходот се основните организации на здружен труд од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружен труд како установи распоредени во областа од 01 до 11 од одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр. 14/77).

Член 5

Обврзници на придонесот на социјална заштита од личен доход од работен однос се работниците што остваруваат личен доход од работен однос.

Член 6

Обврзници на придонесот за социјална заштита од личен доход се и работните луѓе што самостојно вршат земјоделска, стопанска и вонстопанска дејност. Утврдување на наплатата на придонесот за социјална заштита од личен доход од член 6 на оваа одлука го врши Одделението на општествени прихо-

ди на општината во роковите и на начин пропишан со Законот за даноците на граѓаните.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 02-5
5 март 1986 година
Радовиш

Претседател,
**Добрила Андреева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**178.**

Врз основа на член 13 од Статутот на ОСИЗ за физичка култура — Радовиш, Собранието на заедницата, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ОСИЗ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Висината на пресметковната стапка изнесува:

— од доходот на ОЗТ 0, 34%;

— од бруто личен доход во нестопанство 0,34%.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Член 3

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-212 од 17 октомври 1985 година.

Бр. 02-12
29 јануари 1986 година
Радовиш

Претседател,
**Јоцо Видов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА

**179.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 102 од Статутот на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата — Струмица, Собранието на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата — Струмица, на седницата одржана на 25 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, ЗА 1986 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход од работен однос, од личен доход од земјоделска дејност и од личен доход за лицата што вршат самостојна стопанска и нестопанска дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните, по кои ќе се пресметуваат и уплатуваат придонесите за обезбедување на средства за задоволување на потребите и интересите од областа на општествената заштита на децата при Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Струмица, во 1986 година.

II

Стапките на придонесите за општествена заштита на децата под точка I од оваа одлука за 1986 година се утврдуваат во следните износи:

— придонес од бруто личен доход на работниците од стопанството и нестопанството, во висина од 2,00%;

— придонес од личниот доход (катастарски приход) на земјоделците, во висина од 3,00%;

— придонес од личен доход за лицата што вршат самостојна стопанска дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните (индивидуални занаетчии) во висина од 3,00% и

— придонес од личен доход за лицата што вршат самостојна нестопанска дејност со личен труд и со средства во сопственост на граѓаните (адвокати и др.), во висина од 3,00%.

III

Стапките од алинеи 3 и 4 од став 1 на точка II од оваа одлука важат и за исплата на надоместокот на личен доход по основ на договор за дело, граѓанско-правен основ и пензионери кои немаат својство на осигуреници.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-32/1
25 февруари 1986 година
Струмица

Претседател,
**Иван Муканов,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ТЕТОВО

**180.**

Врз основа на член 9 и член 162 став 1 точка 2 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово („Службен весник на СРМ" бр. 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 30 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗЕДНАЧУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА КАЈ ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ СО ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА КАЈ РАБОТНИЧКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Правата од здравствената заштита од амбулантно-поликлиничката и болничка дејност кај земјоделското осигурување се изедначуваат со правата од здравствената заштита кај работничкото осигурување.

Останатите права од здравствената заштита што самостојно ги утврдува Општинската СИЗ за здравствена заштита, како и другите права утврдени со закон, корисниците земјоделци ќе ги користат според досегашните услови.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 февруари 1986 година.

Бр. 0805-66/5
30 јануари 1986 година
Тетово

Претседател,
**Атанас Билбилоски,** с. р.

**181.**

Врз основа на член 100 и 106 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83) и член 162 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 8/85), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Тетово, на седницата одржана на 30 јануари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ВО 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на земјоделците од подрачјето на општина Тетово за 1986 година.

Член 2

Работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост, а кои се здравствено осигурени, во 1986 година ќе плаќаат придонес за здравствена заштита и тоа:

— по стапка од 15% од личниот доход од земјоделска дејност (катастарски приход), и

— паушален износ од 1.300 динари годишно за секој корисник (член на семејството).

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 0805-155/13 од 27 февруари 1985 година

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0805-66/4
30 јануари 1986 година
Тетово

Претседател,
**Атанас Билбилоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — ТЕТОВО

**182.**

Врз основа на член 21 од Статутот на Заедницата и член 196 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование, Собранието на Општинската заедница за образование и наука — Тетово, на седницата одржана на 20 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ ЗА НАПЛАТУВАЊЕ НА ПРИХОДИ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС, ЗЕМЈОДЕЛСКА, СТОПАНСКА И ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1986 ГОДИНА

I

Се утврдуваат стапките за наплатување на приходи од личен доход од работен однос, земјоделска, стопанска и професионална дејност и тоа:

1. придонес од личен доход од стопанска и нестопанска дејност — 5%

2. придонес од личен доход од работен однос од земјоделска дејност — 1%

3. придонес од вршење на стопанска и професионална дејност — 6%.

II

Се ослободуваат од обврската за плаќање на придонес од точка 1 од оваа одлука вработените кои остваруваат личен доход во ОЗТ во основното образование и вработените кои остваруваат личен доход во друштвата и здруженијата.

III

Вработените кои остваруваат личен доход во ООЗТ од насоченото образование се ослободуваат од обврската за плаќање на придонес од точка 1 од оваа одлука во висина од 50%.

IV

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

V

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0801-106/1
20 февруари 1986 година
Тетово

Претседател,
**Салиу Кемал,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ШТИП

**183.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствената заштита и член 30 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата на двата собора на Собранието одржана на 11 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1985 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката за здружување на средствата за здравствена заштита за месец декември 1985 година.

Средствата за здравствена заштита во Заедницата за здравствена заштита се здружуваат врз основа на Програмата за работа и развој на Општинската заедница за здравствена заштита по стапка од 8,50% од бруто личниот доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка од 25% од утврдената основица што ја претставува месечниот просечен личен доход на работната организација исплатен во годината што ѝ претходи на годината во која е испратен работникот во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник, за работници кои не оствариле личен доход во претходната година.

Основицата од претходниот став се исплатува во текот на годината како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се пресметуваат и уплатуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација според претходната година.

Член 3

За лицата кои работат по договор за дело се пресметува и плаќа придонес за здравствена заштита во случај несреќа на работа и професионално заболување по стапка од 3% од исплатениот надоместок.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на придонес на начин утврден со закон и Статутот на Заедницата.

Член 5

Со исполнувањето на Планот на приходите по образецот „Б-2“ на Општинската заедница за здравствена заштита престанува обврската за сите обврзници за пресметување и уплата на придонесот за здравствена заштита во месец декември 1985 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита, број 04-22/3 од 19 ноември 1985 година.

Бр. 06-32/1
11 декември 1985 година
Штип

Претседател,
**Трајче Гелев,** с. р

**184.**

Врз основа на член 105 од Законот за здравствената заштита и член 30 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата на двата собора на Собранието, одржана на 26 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката за здружување на средствата за здравствена заштита за 1986 година.

Средствата за здравствена заштита во Заедницата за здравствена заштита се здружуваат врз основа на Програмата за работа и развој на Општинската заедница за здравствена заштита, по стапка од 8,50% од бруто личниот доход и другите примања.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за работници испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници) се определува по стапка од 25% од утврдената основица, што ја претставува месечниот просечен личен доход на работната организација исплатен во годината што ѝ претходи на годината во која е испратен работникот во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник за работници кои не оствариле личен доход во претходната година.

Основицата од претходниот став се исплатува во текот на годината како аконтација.

По завршна сметка утврдените основици се пресметуваат и уплатуваат зголемени со процекот на зголемениот личен доход во матичната организација според претходната година.

Член 3

За лицата кои работат по договор за дело се пресметува и придонес за здравствена заштита во случај несреќа на работа и професионално заболување по стапка од 3% од исплатениот надомест.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на придонес на начин утврден со закон и Статутот на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за здружување на средства за здравствена заштита, бр. 04-22 од 19 септември 1985 година.

Бр. 06-24/7
26 декември 1985 година
Штип

Претседател,
**Трајче Гелев,** с. р

**185.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 31 од Статутот, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружен труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 26 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТЕН ОДНОС ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојан месечен износ за 1984 година се плаќаат и тоа:

1) за учениците во стопанството односно за учениците во училиштата за квалификувани работници, во кои покрај училиштата се изведува и практична работа во работната организација, училиштата или приватниот работодавач, во износ од 200 динари месечно за целосна здравствена заштита;

2) за ученици односно студенти — странски државјани, кои се наоѓаат на школување или практика на територијата на Заедницата, доколку со меѓународна спогодба не е определено поинаку, во износ од 700 динари месечно за целосна здравствена заштита;

3) за лица кои учествуваат во организирани работни акции, а кои на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 170 динари месечно за целосна здравствена заштита;

4) за уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народното собрание или од страна на Извршниот совет, во износ од 500 динари месечно;

5) за членовите на семејствата на југословенските државјани во странство кои не се здравствено осигурени по прописите на земјата во која работат или според меѓународната спогодба, а пред стапувањето во работен однос во странство имале живеалиште на територијата на оваа заедница, во износ од 350 динари месечно по член;

6) на лица кои се наоѓаат на предвојничка обука и логорување, во износ од 300 динари месечно за целосна здравствена заштита;

7) за лица припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на извршувањето задачи на територијалната одбрана, во износ од 170 динари месечно на име придонес за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

8) за учениците во средните училишта и студенти во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата, во износ од 200 динари месечно на име придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

9) за лица кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 200 динари месечно и тоа на име придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести;

10) за лица припадници на доброволни организации на противпожарна заштита, во износ од 150 динари месечно на име придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести.

11) за земјоделците кои го здружиле своето земјиште со основни организации на здружен труд, во износ од 600 динари месечно за целосна здравствена заштита.

Член 2

Средствата што ќе се реализираат по оваа одлука се наменуваат:

— 56% за задолжителни видови на здравствена заштита;

— 44% за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата.

Член 3

Придонесите ги пресметуваат и ги плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, со Статутот и други општи акти на Општинската заедница за здравството и здравственото осигурување — Штип.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 06-24/10
26 декември 1985 година
Штип

Претседател,
**Трајче Гелев,** с. р.

**186.**

Врз основа на член 116 од Законот за здравствената заштита и единствените критериуми за учество на корисниците на здравствена заштита во целина на одделни видови на здравствени услуги, при набавка на ортопедски помагала и лекови, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Штип, на заедничка седница на сите собори, одржана на 26 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Членот 2 став 1 точка 2 се менува и гласи:

„За издаден лек по рецепт, освен за оние лекови за чија примена е потребна непосредна интервенција на стручен медицински работник, 50 динари".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 06-24/28
26 декември 1985 година
Штип

Претседател,
**Трајче Гелев,** с. р.

# КОНКУРСИ

Конкурсната комисија на ТРО „КАРПОШ" — Крива Паланка

распишува
**КОНКУРС**

за избор на финансиски директор

Услови:

Покрај општите услови предвидени со ЗЗТ и ЗРО, кандидатот за работното место финансиски директор на ТРО „КАРПОШ", треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено економски факултет и три години работно искуство во струката;

— да не е осудуван по член 511 од ЗЗТ.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Пријавите со потребните документи се поднесуваат до конкурсната комисија на ТРО „КАРПОШ".

Некомплетираните пријави нема да се земаат предвид при разгледувањето. (93)

---

Врз основа на одлуката на Собирот на работните луѓе бр. 15 од 4. III. 1986 година, Конкурсната комисија на Работната организација за спорт и рекреација „СПОРТ" — Гевгелија

објавува
**КОНКУРС**

за именување на раководител на работната организација

За раководител на Работната организација за спорт и рекреација „СПОРТ" — Гевгелија, кандидатите, покрај општите услови предвидени со Законот за здружениот труд, треба да ги исполнуваат и следните услови:

— да имаат завршено више образование со работно искуство од 2 години,

— да имаат завршено средно образование со работно искуство од 5 години,

— да имаат организациони способности од физичката култура,

— да не се осудувани со казна затвор за кривични дела одредени со член 511 од Законот за здружениот труд.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Пријавите со потребните документи се поднесуваат на адреса: Работна организација за спорт и рекреација „СПОРТ" — Гевгелија, за Собирот на работните луѓе. (94)

---

СЛУЖБА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СР МАКЕДОНИЈА

Согласно одредбите на член 5 и 7 од Законот за измени и дополнувања на Законот за обезбедување на плаќањата помеѓу корисниците на општествени средства („Службен лист на СФРЈ" бр. 70/84), Службата на општественото книговодство во СР Македонија ја издава следната

ОБЈАВА

Порастот на исплатените аконтации на чистите лични доходи по работник во областа на стопанството на Републиката за периодот јануари—декември 1985 година во однос на истиот период од претходната година изнесува 63,9%.

Бр. 08-581/1
20 март 1986 година
Скопје

## СОДРЖИНА

Страна

158. Одлука за помилување на осудени лица 249
159. Наредба за утврдување на износот на основиците за определување на инвалидскиот додаток, надоместокот за помош и нега од друго лице и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација за 1986 година — — — 249
160. Наредба за утврдување на износот на основицата за определување на постојаното материјално обезбедување, исклучителното материјално обезбедување и надоместокот за помош и нега од друго лице за 1986 година — — — — — — — — — 249
161. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 260/85 од 12 февруари 1986 година 250
162. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 143/85 од 12 февруари 1986 година 251
163. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 80/85 од 12 февруари 1986 година 251
164. Листа на кандидати за делегати во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — — 252

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

162. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на регионалните патишта во СР Македонија — — — — — — — 253

БИТОЛА

163. Одлука за утврдување стапките на придонесите на ОСИЗ на културата и информирањето — — — — — — — 253
164. Одлука за утврдување на стапки на придонесите за ОСИЗ за физичка култура и за здружување на средства во Републичката СИЗ за физичка култура во 1984 година — — — — — — — — — 253

ГЕВГЕЛИЈА

165. Одлука за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртна помош на осигурените лица на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија 254
166. Одлука за надоместокот на патните и дневните трошоци на осигурените лица на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија — — — — — — — — — 254

ДЕБАР

167. Одлука за стапката и тарифата на придонесот за здравствена заштита на работниците и стапката на посебниот придонес за корисниците на здравствена заштита во странство за 1986 година — — — 255
168. Одлука за висината на придонесот за финансирање на здравствената заштита на земјоделците за 1986 година — — — 256
169. Одлука за утврдување на основици за пресметување и плаќање на придонес за здравствена заштита на приватни работодавци и лица вработени кај нив за 1986 година — — — — — — — — — 256
170. Одлука за придонесите за здравствена заштита што се плаќаат во постојан месечен износ и за одделни категории корисници на здравствена заштита за 1986 година — — — — — — — — — 256
171. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за учество на корисниците на здравствена заштита во цената на одделни видови на здравствени услуги при набавка на ортопедски помагала, протетички средства и лекови — — — — — 257

ДЕМИР ХИСАР

172. Одлука за утврдување стапки на придонес за ОСИЗ за образование и воспитание — Демир Хисар за 1986 година — — — 257

КИЧЕВО

173. Одлука за плаќање на 50% и 70% од општата стапка на придонес од личен доход што ќе ја плаќаат организациите на ОСИЗ за воспитание и образование Кичево за 1986 година — — — — — 258
174. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ за воспитание и образование на општината Кичево за 1986 година — — — — — — — — — 258

КОЧАНИ

175. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство во 1986 година — — — 258

КУМАНОВО

176. Одлука за определување стапките на придонесите за финансирање на дејноста на основното воспитание и образование и другите корисници на средства за 1986 година — — — — — — — — — 259

РАДОВИШ

177. Одлука за утврдување стапките на придонесите за социјална заштита на општина Радовиш за 1986 година — — — — 259
178. Одлука за утврдување на пресметковната стапка за здружување на средства во ОСИЗ за физичка култура — Радовиш за 1986 година — — — — — — — — 260

СТРУМИЦА

179. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за обезбедување средства за општествена заштита на децата за 1986 година — — — — — — — — — 260

ТЕТОВО

180. Одлука за изедначување на правата од здравствената заштита кај земјоделското осигурување со правата од здравствената заштита кај работничкото осигурување 260
181. Одлука за утврдување висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на земјоделците во 1986 година — — — 261
182. Одлука за утврдување на стапките за наплатување на приходи од личен доход од работен однос, земјоделска, стопанска и професионална дејност за основно образование во 1986 година — — — — — 261

ШТИП

183. Одлука за здружување на средства за здравствена заштита за месец декември 1985 година — — — — — — — — 261
184. Одлука за здружување на средства за здравствена заштита за 1986 година — 262
185. Одлука за постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории лица надвор од работен однос за 1986 година — — — — — 262
186. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствена заштита — — — — — — — — — 263

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**